# КРИТИКИ И ПРИКАЗИ

**ГЛАСНИК (орган на Институтот за национална историја — Скопје), XXIII, 1, Скопје, 1979, 314**

Овој број на Гласникот е посветен на шеесетгодишнината од формирањето на КПЈ (СКЈ), СКОЈ и револуционерните синдикати.

Уводникот во рубриката *Статии и прилози* е рефератот на Јосип Броз Тито под наслов *Шеесет години револуционерна борба на Сојузот на комунистите на Југославија* (7) поднесен на свечената седница на Централниот комитет на СКЈ во Белград по повод 60-годишниот јубилеј на КПЈ — СКЈ. Истиот е преземен од македонското издание на весникот „Комунист" бр. 20 од април 1979 година.

Рефератот опфаќа три поглавја. Во првото поглавје е прикажан растежот на КПЈ од нејзиното формирање во 1919 год., етапите и процесите на нејзиното идејно созревање и израснување во вистински револуционерна партија, што сè тоа придонесе до војната да изгради концепција — борба за демократизација и одбрана на независноста на земјата ,која за време на окупацијата прерасна во платформа за борба против окупаторот за ослободување и револуционерна преобразба на општеството, со што се отвораше перспектива за широките народни слоеви дека со ослободителната борба ќе ги остварат своите социјални и национални стремежи. Паралелно со успесите на народноослободителната борба, во овој дел од рефератот се наведуваат и други успеси на КПЈ: создавање на органи на власта на вооруженият народ, основање на АВНОЈ, донесување одлука за создавање на Армија, меѓународно признавање на Нова Југославија, успесите во обновата на земјата по завршувањето на војната, отпорот против Сталиновиот и ИБ притисок и одбрана на независноста на земјата. Во вториот дел од рефератот станува збор за улогата на КПЈ за афирмирање во нашата земја на одамнешната парола на работничкото движење „фабриките на работниците" со предавањето во 1950 год. на државните претпријатија

на управување на работниците, односно за социјалистичкото самоуправување како економски ефикасен систем, за Уставите и здружениот труд, за карактерот на органите на власта во новите услови што произлегоа од уставните промени, за проблемите и задачите на нашето стопанство, за делегатскиот систем и др., а се истакнати и некои идејни задачи на Сојузот на комунистите и на другите организирани социјалистички сили, за понатамошниот развој на самоуправувањето, за системот на општонародната одбрана и самозаштита. Во третиот дел од рефератот се зборува за нашата политика во меѓународните односи.

*Четириесет години од основачката седница на Централниот комитет на Југославија* (43) е прилог од Стане Доланц. Всушност тоа е негов реферат поднесен на свечената седница на ЦК СКЈ одржана на 1 мај 1979 год. во Бохинска Бистрица, а препечатена е од македонското издание на „Комунист" бр. 20 од 4 мај 1979 год. Во него Стане Доланц ја изнесува накратко револуционерната улога на Јосип Броз Тито во консолидацијата на КПЈ и нејзиното претворање во стабилна и монолитна авангарда на работничката класа на Југославија. При тоа тој ги апострофира значајните моменти на таа Титова улога: формирањето на ЦК КПЈ во март 1939 год. во Бохинска Бистрица, организирањето на состаноци во истата година со раководниот партиски актив во Загреб, Подсреда и Леско, на кои се разгледувани и донесувани важни одлуки за работата на партиската организација, како и советувањето во Тацен под Шмарна Гора. Од тој период во 1939 год. почнува, под раководство на Јосип Броз Тито, плодната револуционерна активност на КПЈ и нејзините огромни успеси во револуционизирањето на работничката класа и широките народни слоеви до војната, за време на НОБ па до денешни денови.

Љупчо Арсов е автор на прилогот *„Кузман Јосифовски—Питу, комунист и револуционер* (По повод 35-годишнината од смртта) (55). Тоа е негов реферат поднесен на свечениот собир по повод 35-годишнината од смртта на Кузман Јосифовски—Питу, одржан во Домот на ЈНА во Скопје на 24. II 1979 год. Во него Љупчо Арсов нè води низ краткиот, но богат со револуционерна дејност, 29-годишен живот на Кузман Јосифовски—Питу од родниот Прилеп преку неговото оформување во бестрашен комунист и револуционер на белградскиот универзитет, неговото враќање во Прилеп каде ја продолжува борбата за зацврстување на градската партиска организација, за во квечерината на Втората светска војна во 1940 година да стане член на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија. Уште во првите месеци од окупацијата тој се повлекува во илегалност, ја поддржува линијата на ЦК КПЈ за вооружена борба против окупаторот, станува инструктор на ПК на КПЈ за Македонија, се бори против посегнувачките обиди на ЦК БРП(к) и спречувањето на вооружената

борба на македонскиот народ, за во новоформираниот ЦК на КПМ во 1943 год. да стане негов член. До крајот на загинувањето во 1944 година развива неуморна активност во организирањето на вооружената борба на македонскиот народ, во подготовките за свикување на АСНОМ, во објаснувањето на Манифестот на Главниот штаб на НОВ и ПОМ, и др., со што „Кузман Јосифовски—Питу се издигна и остана еден од најсветлите ликови на Народноослободителната борба и Народната револуција на Македонија“ — заклучува авторот.

Прилогот под наслов *Васил Главинов во пропагирањето на социјалистичките идеи во Македонија* (69) е од Лазар Мојсов. И овој труд претставува реферат на авторот одржан на 23. I 1978 год. на свечената академија во Домот на ЈНА во Скопје по повод 50-годишнината од смртта на Васил Главинов. Во него, покрај другото, авторот ја набројува обемната активност во периодот од 1892 год. до првата светска војна на велешкиот столар и печалбар Васил Главинов во организирањето во Македонија на социјалистички групи, просветни друштва со библиотеки и читалишта, организирањето на конференции и штрајкови на работници, издавањето на весници, книги и брошури и др., и врз основа на таквата активност дава оценка за личноста, делото и улогата на Васил Главинов во македонската национална историја, подвлекувајќи дека тој дал голем придонес во развитокот на работничкото и социјалистичкото движење и популаризирањето на социјализмот во Македонија, прокламирајќи општонародна борба за национално ослободување, извојување на слобода и вистинска национална независност на македонскиот народ.

Народноослободителна војна и Револуцијата на југословенските народи и народности во текот на Втората светска војна го отвори патот кон целосна афирмација на македонскиот народ, кој под раководството на КПЈ и Тито, заедно со другите југословенски народи ја создаде својата слободна Социјалистичка Република Македонија како држава — субјект во новата федеративна заедница на југословенските народи. Низ народноослободителната војна македонскиот народ ги прокламира основните стратешки цели на таа негова борба и низ неколкуте политичко-декларативни документи ја искажа својата желба за заедништво со другите југословенски народи и народности за создавање на заедничка држава. Конституирањето пак на АСНОМ претставуваше завршен и врвен чин на таа борба на македонскиот народ и низ него тој ги верифицира резултатите од истата, означувајќи го почетокот на новосоздадената македонска држава во југословенската федерација. Ова е содржината на прилогот на проф. д-р Александар Христов кој носи наслов *Конституирање на Македонија како државно-правен субјект на југословенската федерација (АСНОМ)* (По повод 35-го-

дишнината од одржувањето на АСНОМ) (83).

Прилогот на д-р Живко Аврамовски *Определувањето на Бугарија кон Централните сили во Првата светска војна* (91) говори за стремежот на Бугарија изгубените со Букурешкиот мир од 1913 година порано освоени територии во Тракија и Македонија да ги поврати и да воспостави своја хегемонија на Балканот со приграбување на територии и од источна Србија, поради што на 6 септември 1915 год. се сојузува со Централните сили: Германија и Австро-Унгарија и ѝ објавува на 15 октомври истата година војна на Србија.

*Вести за македонските градови во венецијанските дневници кон крајот на XV и во првата третина на XVI век* (133) е статија на проф. Богумил Храбак. Во неа авторот наведува дека млетачките весници и други извори од крајот на XV и првите децении на XVI век многу често пишувале за Македонија. Врз основа на тие изворни материјали темата ја обработува во следните пет поглавја: Македонските градови како табори за концентрација на трупи кон крајот на XV и почетокот на XVI век; Солун како база на отоманската флота. Гусарство во водите на Солун; Извоз на пченица и други житарици од солунскиот и серскиот крај; Други производи во солунското пристаниште и во Солун. Трговци Евреи и Персијанци во Солун а Млечани и во Скопје; и Елементарни несреќи во Солун: епидемии и пожари.

Работејќи врз пописните книги за територијата на Македонија д-р Александар Стојановски во прилогот под наслов *Околу значењето на термините „baštine" и „nam-i diger" во пописните книги од XV и XVI век* (157) ја образложува својата констатација дека терминот *„baštine"*, кој е од словенско потекло, и персиската конструкција *„nam-i diger"* често пати носат специфична содржина која треба да се има предвид кога овие термини се користат во научни цели, за да се одбегне опасноста од погрешното или непотполното користење на податоците што тие ги нудат.

Како средство за масовно информирање и пропаганда, за масовизирање на револуционерното движење и борбено мобилизирање на македонскиот народ, Револуционерната организација во Македонија пристапувала и кон издавање на свои илегални весници. Еден од таквите весници бил и весникот „На оружје!", што почнал да излегува од 1898 до 1902 година во Битола. За неговата содржина пишува м-р Михајло Миновски во статијата под наслов *Револуционерниот весник „На оружје!". Прилог кон датирањето на излегувањето и содржината на весникот* (167).

Последната статија во рубриката *Статии и прилози* е од Ташко Мамуровски и таа носи наслов *Некои воени акции на коњичкиот баталјон на ДАГ (1947—1949)* (177). Во неа авторот во глобални црти ги изнесува основните поставки за формирањето, растежот, воените акции и расформирањето на коњичкиот баталјон на ДАГ

кој дејствувал за време на граѓанската војна во Грција од 1947 до 1949 год. и во чиј состав влегувале најмногу Македонци. Авторот нагласува дека ова прашање досега недоволно е обработено и за него во нашата историографија многу малку е пишувано.

Во рубриката *Проекти* од група автори се презентира темата *Проект на историјата на Сојузот на комунистите на Македонија* (201). Во уводниот дел од текстот накратко се изнесува мотивот и потребата за изготвување на едно такво дело како што е историјата на Сојузот на комунистите, а потоа се истакнува целта на проектот, содржината, методологијата за нејзината изработка, времето и етапите за реализација на проектот со крајниот рок за приготвување на ракописот за печат. Се нагласува и тоа дека проектот е дело на група научни работници и истражувачи од разни профили, како и на општествено-политички работници и дека реализатор на истиот ќе бидат повеќе институции со институтот за национална историја — како матична институција. По текстуалното образложение, прикажана е целата содржина на проектот.

Д-р Александар Матковски е застапен во рубриката *Материјали* со прилогот под наслов *Извештаи на француските конзули од Солун за востанието на Дервиш Царе (23. VIII 1843 — 16. V 1848 год.)* (219). Во него авторот објавува 20 документи, во превод на македонски јазик, кои се однесуваат директно или индиректно на востанието на чело со Дервиш Царе. Во својот коментар во уводниот дел од прилогот тој нагласува дека документите се извештаи на француските конзули во Солун испраќани до министрите за надворешни работи на Франција правени врз основа на извештаите што ги добивале од своите многубројни агенти (главно лекари и преведувачи при штабовите на турската армија која го задушувала востанието), кои ги информирале за настаните во врска со востанието. Авторот ги наведува и сите автори кои пишувале досега за ова востание, меѓу кои е и Архивот на Македонија кој објавил 182 документи за истото, нагласувајќи дека сите тие даваат придонес во расветлувањето на историјата на востанието на Дервиш Царе.

Македонскиот народ од егејскиот дел на Македонија дал многубројни жртви во текот на Народноослободителната борба и Граѓанската војна во Грција во периодот од 1940 до 1949 година. Во плејадата на борците кои ги дале своите животи за социјално и национално ослободување на македонскиот народ е и Вангел (Геле) Шамарданов — Илинденски од воденското село Кронцелово. За неговиот борбен и светол лик, кој заземал одговорни политички функции во НОФ за Воденско (бил негов секретар) и политички комесар на голема воена единица — баталјон во ДАГ од 800 борци, главно Македонци и чие мистериозно загинување ни до денес не е расветлено — во рубриката *Ликови*, под наслов *Вангел Шамарданов — Илинден-*

*ски (1921—1948)* (263) пишува Ташко Мамуровски.

Во останатите рубрики на овој број на Гласникот *(Библиографија, Рецензии и прикази и Научни собири)* има 12 прилози.

Покрај корисната содржина за нашата историографија во овој број на Гласникот, за одбележување е и тоа што неговата корица и насловна страница имаат измена: називот на списанието е со калиграфски обликувани букви од старословенскиот правопис, а француските називи целосно се отпаднати. Споменатава измена Гласникот ќе ја задржи и во идните броеви.

Ксенија Цидрова-МАКЕДОНСКА

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК, Филозофски факултет, книга, (30) томе, Скопје 1978, 596.**

Во издание на Филозофскиот факултет во Скопје излезе од печат јубилејно издание на Годишниот зборник, посветено на професорот академик Љубен Лапе по повод неговото пензионирање.

Зборникот изобилува со богати содржини од сите научни тематики застапени на одделни студиски групи при овој факултет. Меѓу нив, посебно место заземаат прилозите од областа на историјата на македонскиот народ.

Во првиот прилог под наслов: „Љубен Лапе" (9—16) Воислав Кушевски накратко се осврнува на биографијата на овој наш истакнат просветен и научен работник, кој го посветил голем дел од својот живот на истражувања од областа на македонската историја.Неговиот долгогодишен и неуморен труд е крунисан со плодни значајни резултати и бројни признанија и одликувања од Републички и Сојузен карактер.

Потоа следува опширна библиографија на објавени трудови на академикот Љубен Лапе од Димитар Димески. Библиографијата содржи 167 библиографски единици, кои се распределени по годините на излегувањата на трудовите на професорот Љубен Лапе, почнувајќи од 1945 год. па сѐ до 1978 година. Тука се предадени сите публикувани трудови на овој наш истакнат научен работник.

Во прилогот под наслов: „Кон прашањето на германско-македонските односи во минатото", (43—57) Христо Андонов-Полјански ги разработува суштинските страни на германско-македонските и македонско—германските односи во минатото. Според авторот, првите контакти меѓу двата народа треба да се бараат во раниот среден век т.е. во времето кога германските племиња навлегуваат на Балканот (III век). Интересот на Германија кон Македонија особено се зголемил и добил поизразити форми во време на турското владеење. За тоа голем придонес дале германските натописци кај Портата. Посебно место во при-